**Простор**

Клиниката својата дејност ја обавува во објект составен од:

- подрумски простории, во кои се сместени кабинет за ургентна ехотомографија на абдомен и урогенитален тракт, кабинет за ендоскопија, токсиколошка лабораторија, простор за централен клима уред, магацини, гардеробери, морга, санитарни чворови и перална.
- приземје, на кое се сместени интензивна нега, аптека за интерни потреби, дневна болница, амбуланти, соба за интервенции, соба за лекари, соба за сестри, чекална со шалтерска служба, и санитарни чворови.
- прв спрат, на кој се сместени стационарен дел (токсиколошко-интензивен дел), соби за ЕКГ и интервенции, дипломатска соба, управа со сметководство , чајна кујна, и санитарни чворови.
- втор спрат, со лекарски кабинети, соба за состаноци, библиотека,токсиколошки информативн центар , простории за специјализанти, чајна кујна и санитарни чворови.

Објектот е со вкупна површина од 1280 метри квадратни

## 3.Визија и Мисија

**Визија** е континуирано подобрување на квалитетот на негата на пациентите и постојано надминување на нивните очекувања, кои се постигнуваат преку целосна посветеност на медицинскиот и немедицинскиот персонал за подобрување на здравјето и благосостојбата на пациентите.

**Мисијата** е постигнување на висок квалитет и здравствени услуги лојални на етичките вредности, во однос на правата на пациентите, кои се вклучени во превентивна здравствена заштита за сите пациенти од страна на нашите квалификувани и стручни кадри.

При СТРАТЕШКОТО ПЛАНИРАЊЕ на ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија – Скопје за период од 2015-2017 година се тргнува од МИСИЈА ТА со која се дефинира дејноста на клиниката согласно статутарните одредби .

Имено , МИСИЈАТА на ЈЗУ Клиниката за токсикологија -Скопје е преку нејзината основна дејност - ВРШЕЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО - КОНСУЛТАТИВНА и БОЛНИЧКА ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ ОД ОБЛАСТА НА ТОКСИКОЛОГИЈАТА И УРГЕНТНАТА ИНТЕРНА МЕДИЦИНА , да обезбеди високо стручна терцијална и секундарна здравствена заштита, превенција и дијагностицирање на заболувања од областа на токсикологијата и ургентна интерна медицина а истовремено е и научно наставна база на Медицинскиот факултет - Скопје.

Високо специјализираниот кадар изведува образовна дејност на студентите на Медицинскиот факултет - Скопје, практична едукација на доктори на специјализација од областа на токсикологија и ургентна интерна медицина , врши научно истражувачка дејност и е гарант за резултатите, очекуваниот исход, и високиот процент на позитивни резултати кај сите дијагнози од нејзината област.